Еко свест

# Инфо билтен - мај 2026








# Еколошки иницијативи за заштита на нашите реки!

Млади ентузијасти од Вевчани, Струга, Колашин и Ранилуг се собраа во преубавото Штрпце, во самите пазуви на Шар Планина. Нивната цел? Да ги здружат силите, да споделат искуства и да создадат моќни еколошки иницијативи за заштита на нашите реки!

Прочитај повеќе







# Објавен годишниот извештај на движењето за отстранување брани!

За прв пат, нашата земја е вклучена во европската иницијатива за ослободување на реките!

Прочитај повеќе

---






# Како да се прилагодиме кон климатските промени?

Летото пристигна, климата се менува. Дали знаеш како може да се прилагодиме кон климатските примени?

Прочитај повеќе

---





# Регионална конференција за просумери, Скопје, 21 мај 2026

Во Скопје се одржа регионалната конференција „Граѓанска енергија: регулатива, практики и искуства од регионот“, во организација на Еко-свест и Центарот за унапредување на животната средина од Србија. Настанот ги обедини институциите и експертите во дискусија за децентрализираната енергија како пат кон праведен и декарбонизиран енергетски систем.

Прочитај повеќе




# Праведна транзиција- приоритетна тема на локалниот економски совет во Битола, 6 мај 2026

На настанот за праведна транзиција во Битола, организиран од Еко-свест и МКЦ, учесниците побараа поголема транспарентност и вклученост, како и следење на индикаторите во годишните планови за праведна транзиција.

Прочитај повеќе

---






# Работилници за компостирање

По повод меѓународна недела на свесноста за компостирањето одржавме три работилници за домашно компостирање. На учениците од втора година од ПСУ Алгоритам им покажавме како дома може да го третираат биоотпадот и да го вратат во форма на хумус во природата.
Беше претставен концептот "zero waste" и сите начини како тие како млади може да воведат одржливи практики во своето секојдневие на едноставен начин.

---

# Еко-трампа




Сакате да се ослободите од непотребните предмети, а притоа да добиете нешто ново и корисно? Придружете ни се на четвртата „Еко трампа" во организација на „Еко-свест"!

Дајте им нов живот на вашите облеки, книги, играчки или модни додатоци. Донесете до три зачувани и чисти предмети и заменете ги со нешто што вам ви треба.

За секој учесник следува бесплатно кафе како знак на благодарност за придонесот кон поздрава животна средина!

📍 **Локација: Бистро Комедија, Скопје**
🗓 **Датум: Сабота, 13 јуни**
⏰ **Време: 11:00 – 14:00 часот**

Ајде да го намалиме отпадот заедно! Се гледаме таму!

Прочитај повеќе

---

# Пријави еколошки проблем










Прочитај повеќе

---

## Еко-култура




Нашата визија се темели на воспоставување директна и долгорочна соработка со националните културни институции, независните културни центри, индивидуалните уметници, фестивалите и останатите културни и образовни организации кои ги препознаваме како клучни носители на новиот наратив за природата.

Промената се случува тогаш кога уметниците, низ сопствениот творечки процес и личен сензибилитет ќе ја раскажат приказната. На тој начин, уметноста не е алатка за огласување, туку автентичен двигател на свеста и траен носител на општествената трансформација.

Прочитај повеќе

---

# Стани наш поддржувач

## Мисија

Мисијата на Еко-свест е да истражува, информира и делува кон унапредување на јавните политики и практики за заштита на животната средина и одржливо живеење.
Еко-свест поддржува и поттикнува граѓанска свесност и активно учество и промовира практични решенија во соработка со релевантни организации и институции.

## Визија

Нашата визија е праведно, одговорно и совесно општество каде граѓаните одржливо живеат во благосостојба и во хармонија со животната средина.




Прочитај повеќе

---

# Медиуми

- „Еко свест“: Државата да ги донесе потребните закони и да обезбеди помош за граѓаните да станат производители на енергија - Слободен печат (https://www.slobodenpecat.mk/eko-svest-drzhavata-da-gi-donese-potrebnite-zakoni-i-da-obezbedi-pomosh-za-gragjanite-da-stanat-proizvoditeli-na-energija/)
- „Еко-свест“: Јаловиштата од рудикот „Саса“ се „темпирани бомби“ (https://www.slobodenpecat.mk/eko-svest-jalovishtata-na-rudikot-sasa-se-tempirani-bombi/)
- Регионална конференција „Граѓанска енергија: политики, практики и регионална размена“ (https://biznisvesti.mk/regionalna-konferentsija-graganska-energija-politiki-praktiki-i-regionalna-razmena/)

---

# Еко-свест Вевчани

СПОМЕНИК НА ПРИРОДАТА
ВЕВЧАНСКИ ИЗВОРИ

Центарот за истражување и информирање за животна средина Еко-свест во Вевчани има своја локална канцеларија.

Низа успешни активности на Еко-свест, беа реализирани во соработка со Општина Вевчани и релевантните чинители во Заштитеното подрачје „Вевчански извори“.

Еко-свест во 2018 година го поддржа донесувањето на Планот за управување со заштитеното подрачје и помогна на Општината да воспостави систем за негово одржливо управување.

Прочитај повеќе

---

# Еко-свест на нова локација

**Адреса:** Киро Крстевски – Платник 6 /1,
Општина Центар, 1000 Скопје

**Телефон:** +389 (0)2 321 7247

**Е-маил:** info@ekosvest.com.mk

**Работно време:** од 8:00 до 16:00 часот



**Центар за истражување и информирање за животната средина**
**Еко-свест Скопје**
Киро Крстевски – Платник 6 - 1, 1000, Скопје

https://ekosvest.com.mk/

Претплатени сте да го добивате овој инфо билтен. Доколку не сакате повеќе да добивате информации од Еко-свест може да ја откажете вашата претплата на следниот линк:

Повеќе не сакам да добивам пораки